**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

Н А Ц Р Т

# З А П И С Н И К

од Дваесет и петата (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 2.12.2020 година

Скопје, декември 2020 година

З А П И С Н И К
од Дваесет и петата (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 2.12.2020 година

Седница започна во 12:00 часот, преку апликацијата ZOOM со употреба на интернет комуникација.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата учествуваа заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите на Советот: Јасминка Ангелова, Министерство за внатрешни работи; Елизабета Тодорова, Министерство за економија; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Томислав Андоновски, Агенција за млади и спорт; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Теодора Столевска, Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Северна Македонија Скопје; Наташа Бошкова, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје и Снежана Трпевска, Здружение на новинарите на Македонија Скопје.

На дописната седница и во текот на гласањето по точките од дневниот ред не учествуваа: Валентина Шаурек, Министерство за правда; Ивана Билбиловска, Министерство за финансии; Никица Бачовски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Ана Петровска, Министерство за здравство; Атула Касуми, Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците и Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје.

На седницата учествуваа и претставници на Секторот за анализа на политиките и координација/Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Весна Тасевска, Сања Савовска и Даниела Симоновска.

*

*   *

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записникот од 24. (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 2.11.2020 година

1. Учество на два претставници на здруженија и фондации во работата на Главниот штаб за управување со кризи, без право на глас

2. Планирање на областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на здруженија и фондации од Предлог-Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

3. Преглед на нереализирани активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020)

4. Известување за престанување на членување во Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на членот од областа Економски и одржлив развој

5. Разно

*
*   *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со 17 гласа „за“ и ниту еден глас „против“, го усвои Записникот од 24. седница на Советот, одржана на 2.11.2020 година.

*
*   *

**Точка 1**

Претседателката на Советот Фани Каранфилова-Пановска информираше дека на Јавниот повик за учество на два претставници на здруженија и фондации во работата на Главниот штаб за управување со кризи, без право на глас, што Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го објави на 24.11.2020 година на www.nvosorabotka.gov.mk, пристигнати се вкупно 8 пријави. Од административната обработка на пријавите од страна на Одделението за соработка со невладини организации утврдено е дека 3 пријави не ги исполнуваат административните услови. По барање на претседателката на Советот, Даниела Симоновска од Одделението за соработка со невладини организации накратко информираше за содржината на пристигнатите пријави поединечно.

Уранија Пировска информираше дека се иззема од гласање за себе како кандидат.

Членовите се согласија гласањето за кандидатите да се изврши електронски на заштитената локација на www.nvosorabotka.gov.mk во рок од 45 минути по завршување на седницата, при што секој член да гласа најмногу за два од пријавените кандидати, а за избрани претставници на здруженија и фондации во работата на Главниот штаб за управување со кризи да се сметаат двата прворангирани кандидати со најголем број гласови. Доколку има кандидати со ист број на гласови, членовите веднаш да бидат известени од Одделението за соработка со невладини организации за дополнително гласање со нов рок.

Во текот на електронското гласање, што траеше до 15:00 часот, најголем број на гласови добија следните кандидати: Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје (15 гласа) и Зоран Дранговски, Македонско здружение на млади правници Скопје (10 гласа). Гласот на Томислав Андоновски пристигнат во 19:27 се смета за неважечки.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги номинира следните кандидати за претставници на здруженија и фондации во работата на Главниот штаб за управување со кризи, без право на глас:
   - Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје, и
   - Зоран Дранговски, Македонско здружение на млади правници Скопје.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви известување до Главниот штаб за управување со кризи за номинираните претставници.

## <u>Точка 2</u>

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска, накратко се осврна на материјалите доставени од Одделението за соработка со невладини организации, роковите за донесување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година и организирањето на консултативен процес со граѓанскиот сектор, по што се отвори дискусија помеѓу членовите за потребата од измена на член 7 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија. Претседателката на Советот, базирано на искуството од 2020 година, предложи учеството на претставници на Советот во Комисијата за распределба на средства да биде во својство на набљудувачи. Ваквиот став беше поддржан од Уранија Пировска, Сабина Факиќ, Јане Чаловски и Елизабета Божиноска, кои оценија дека е потребно комисијата да биде составена од независни експети, при што да се разгледаат регионални/компаративни искуства.

Снежана Трпевска укажа дека Советот претходно расправал за ова прашање и да се почитуваат донесените заклучоци.

Гордана Гапиќ-Димитровска, препорача доставените предлози од членовите на Советот да се формулираат во Предлог-Програма за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите за 2021 година, која ќе биде предмет на консултации со граѓанските организации.

**Заклучоци:**

1. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, за наредната (тематска) седница на Советот, што ќе се одржи на 7.12.2020 година, со почеток во 12:00 часот, да подготви предлог-приоритети и активности на здруженија и фондации за финансиска поддршка од Предлог-буџетот на Владата на Република Северна Македонија за 2021 и два до три алтернативни предлози за измена на член 7 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, да побара експертска помош од проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ за регионални/компаративни искуства во врска со комисиите за распределба на средства за финансирање на активности на граѓанските организации од државнот буџет.

## Точка 3

На барање на претседателката на Советот Фани Каранфилова-Пановска, Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека согласно заклучоците од 24.седница на Советот, на 9.11.2020 година до министрите за финансии, правда, труд и социјална политика, здравство и образование и наука, доставен е извадок со нереализирани активности од Табеларниот дел на Извештајот за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектр 2018-2020, со барање во рок од 7 дена, министерството да достави ажуриран статус на спроведување на активностите, односно образложение на причините поради кои активностите не се реализирани и рок во кој се планира нивното спроведување. До членовите на Советот од наведените министерства доставено е електронско известување на 23 и 30.11.2020 година, но до денот на одржување на седницата на Советот пристигнат е одговор само од Министерството за образование и наука со известување дека поради парламентарните избори и пандемијата со Ковид-19 кризата активностите не биле реализирани каде истите се планираат за наредната Стратегија. Информираше дека во рамките на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ ангажиран е експерт кој треба да подготви анализа на спроведувањето на Стратегијата, со препораки.

## Точка 4

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска информираше за добиеното писмено известување од Александар Николов од Асоцијација за развојни иницијативи - ЗЕНИТ Скопје за престанување на членување во Советот. Претседателката на Советот предложи да се подготви преглед на присуство на членовите на седниците на Советот во 2020 година, поради евидентно отсуство на одредени членови, како на пример од Министерството за здравство.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанското општество констатираше дека на лично барање престанува членувањето во Советот на Александар Николов од Асоцијација за развојни иницијативи - ЗЕНИТ Скопје.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералнот секретаријат, за наредната седница на Советот, да подготви Преглед на присуство на членовите на седниците на Советот одржани во 2020 година.

## Точка 5

Снежана Трпевска извести дека се уште немаат добиено одговор по поднесената предлог иницијатива како придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2021 година и предложи за ова прашање да се дискутира на Советот. Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека сите предлог-иницијативи од граѓанските организации доставени по објавениот Повик до гаѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2021 година, заедно со добиените одговори од ресорните министерства, се објавени на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk во делот Предлози од граѓански организации. Лилјана Јоноски исто така напомена дека немаат добиено одговор на иницијативата од ресорното министерство. Фани Каранфилова-Пановска предложи да се подготви извештај за доставените иницијативи и одговори од институциите, за наредната редовна седница на Советот.

**Заклучок:**

1. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, за наредната редовна седница на Советот, да подготви преглед на предлог-иницијативи од граѓанските организации доставени по објавениот Повик до гаѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2021 година и добиените одговори од ресорните министерства.

Седница заврши во 14:15 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвила: Даниела Симоновска
Контролирале: Сања Савовска
Весна Тасевска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска